# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д 12.10.2016 год. БРОЈ 20 ГОДИНА 51 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за прифаќање на Иницијативата за експропријација на градежно земјиште во приватна сопственост заради изградба на објект од јавен интерес од локално значење - катна гаража. | 2 |
| 2. | Одлука за обезбедување на надоместок за експропријација на недвижност. | 4 |
| 3. | Одлука за донесување детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 за ГП 1 на дел од Кп.бр.11843 КО Охрид 2, општина Охрид, 2012 – 2017. | 5 |
| 4. | Одлука за донесување детален урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на Кп.бр.16545 и 16546 КО Охрид 3, општина Охрид, 2012 – 2017 | 6 |
| 5. | Одлука за техничка исправка на Одлуката за прифаќање на Иницијативата за експропријација на градежно земјиште во приватна сопственост заради изградба на објект од јавен интерес од локално значење - катна гаража | 8 |
| 6. | Јавна објава | 8 |
| 7. | Јавна објава | 9 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ ЗАРАДИ ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ - КАТНА ГАРАЖА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прифаќање на Иницијативата за експропријација на градежно земјиште во приватна сопственост заради изградба на објект од јавен интерес од локално значење - катна гаража, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година.

**Број 09-14414/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со член 7, член 9 став 2, член 26 став 1 точка 6 и член 27 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ”бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ ЗАРАДИ ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ - КАТНА ГАРАЖА**

**Член 1**

Се прифаќа Иницијативата бр.08-12478/1 поднесена на 26.09.2016 до општина Охрид од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Член 2**

Се задолжува општина Охрид да го извести подносителот за прифатената иницијатива со цел истиот да депонира средства на депозитна сметка на општина Охрид во рамки на трезорската сметка, во висина на проценетата вредност на недвижноста која треба да се експроприра, согласно Известувањето добиено од овластените проценители од Одделението за даноци при општина Охрид.

**Член 3**

Со оглед да станува збор за објект од јавен интерес од локално значење се задолжува општина Охрид заедно со целокупната потребна документација да поднесе предлог до органот на државната управа надлежен за имотно-правни работи за потполна експропријација на приватното земјиште во површина од 649 м2, што претставува дел од Кп 1555/3 во површина од 192 м2, запишана во Имотен лист бр.100893 КО Охрид 3,

сосопственост на Ариф Денис со адреса на Бул.Илинден бр.48/1-Скопје и Шешум Сена со адреса на ул.„Дрезденска“ бр.19/2 -Скопје и дел од Кп 15515/4 во површина од 457м2, запишана во Имотен лист бр.102785 КО Охрид 3, сосопственост на Василевска Групче Катица со адреса на ул.„Рузвелтова“ бр.46 А Скопје и Групче Елизабета со адреса на ул.„Славеј Планина“ бр.67 Охрид, означени во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за КО Охрид 3, ГП 1.2 (КП 15515/1 и др.) изработен од АКН - подрачно одделение Охрид, а заради реализација на катна гаража предвидена со Изводот од план бр.16/2016 (УПД за ГПИ Е2-Катна Гаража).

**Член 4**

Надоместокот за експропријација на опишаната недвижност во претходниот член од оваа Одлука, се обезбедува на начин опишан во член 2.

Во случај на определување на повисок надоместок за експроприраната недвижност од депонираниот износ на наменската сметка, подносителот на инисијативата е должен да ја надомести разликата до вредноста на определениот надоместок за експроприрантата недвижност.

Доколку утврдениот надоместок за експроприраната недвижност е понизок од депонираниот, во тој случај остатокот од депонираните средства да му се враќаат на подносителот на иницијативата.

**Член 5**

Ако се постигне спогодба за надоместокот утврден во оваа Одлука, пред органот на државната управа надлежен за имотно-правни работи (органот за експропријација), по потреба ќе биде вклучено и Државното правобранителство за катастарските парцели и делови од катастарски парцели кои учествуваат во формирањето на ГП 2.1 на кои како носител на правото на сопственост се јавува Република Македонија**.**

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14414/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за обезбедување на надоместок за експропријација на недвижност, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година.

**Број 09-14414/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со член 7, член 9 став 2, член 26 став 1 точка 6 и член 30 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ”бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖНОСТ**

**Член 1**

Се оваа Одлука се дава согласност за обезбедување надоместок за потполна експропријација на земјиште во вкупна површина од 297 м2, што претставува дел од Кп.бр.6420/2 КО Охрид 4 запишана во ИЛ бр.102534, сопственост на Мешкоски Пере Симон со дел 86/781, во вкупна површина од 55м2, дел од Кп.бр.5906/1 КО Охрид 4 запишана во ИЛ бр.10030, сопственост на ДЗГУТ Градежник увоз-извоз ДООЕЛ Охрид со дел 876/4369 со вкупна површина од 31 м2, дел од Кп.бр.5906/6 КО Охрид 4 запишана во ИЛ бр.91394, сопственост на Наумоски Оливер во површина од 84 м2, дел од Кп.бр.5906/5 КО Охрид 4 запишана во ИЛ бр.100772, сопственост на Бакалоска Нестор Менка ре.Гаврилоска со дел 1/18, Гаврилоски Антонио со дел 1/36, Гаврилоски Асен Валентин со дел 1/36, Голабоска Петаноска Драгица со дел 1/36, Јордановски Горан со дел 1/54, Петровски Никола со дел 1/36, Прентоска Бистра со дел 1/18, Серменќ Нестор Бистра со дел 1/18, Александар Гаврилоски со дел 1/18, Гаврилоска Зорка со дел 1/18, Гаврилоска Слободанка со дел 1/18, Гавриловски Гоце со дел 1/18, Јордановски Владо со дел 1/54, Петаноски Илче со дел 1/36, Петровска Весна со дел 1/36, Филипчев Славејко со дел 1/18, Шекерова Гордана со дел 1/54 со вкупна површина од 64 м2, дел од Кп.бр.5837 КО Охрид 4 запишана во ИЛ бр.102512, сопственост на Шикоски Наум Никола со дел 267/683 со вкупна површина од 1м2, дел од КП.бр.5623/2 КО Охрид 4 запишана во ИЛ.бр.102193, сопственост на Митрески Славејко Коле и Никола Николоски во вкупна површина од 7 м2, дел од КП 5626/1 КО Охрид 4 запишана во ИЛ бр.102506, сопственост на Митрески Славејко Коле со дел 2/308 и Никола Николоски со дел 5/308 во вкупна површина од 55 м2 и дел од Кп.бр.5623/1 КО Охрид 4 запишана во ИЛ.бр.102193, сопственост на Митрески Славејко Коле со дел 299/983 и Никола Николоски со дел 684/983 во вкупна површина од 11м2.

**Член 2**

Надоместокот за експропријација на недвижностите опишани во член 1 од оваа Одлука, ќе се обезбеди со финансиски средства од Буџетот на општина Охрид – предвидени во ставка надоместок за одземен имот.

**Член 3**

При потпишување на спогодбата пред органот на државната управа надлежен за имотно-правни работи (органот за експропријација) ќе биде вклучено и Државното правобранителство за катастарските парцели и делови од катастарски парцели кои влегуваат во трасата предмет на експропријација на кои како носител на правото на сопственост се јавува Република Македонија**.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14414/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 8 УБ 8.1 ЗА ГП 1 НА ДЕЛ ОД КП.БР.11843 КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД, 2012 – 2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 за ГП 1 на дел од Кп.бр.11843 КО Охрид 2, општина Охрид, 2012 – 2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година.

**Број 09-14414/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 8 УБ 8.1 ЗА ГП 1 НА ДЕЛ ОД КП.БР.11843 КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД, 2012 – 2017**

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 за ГП 1 на дел од Кп.бр.11843 КО Охрид 2, општина Охрид, 2012 - 2017.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0,03 ха.

Просторот на планскиот опфат по Детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 за ГП 1 на дел од Кп.бр.11843 КО Охрид 2, општина Охрид, 2012 - 2017 е опфат на границите:

Станбена улица Ст „1“, пешачка патека, дел од Кп.бр.11843, Кп.бр.11824 и Кп.бр.11822 КО Охрид 2.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 за ГП 1 на дел од Кп.бр.11843 КО Охрид 2, општина Охрид, 2012 - 2017, изработен од „УРБАН” доо Охрид, со технички број 35/2011 од октомври 2015 година, содржи:

-планиран развој - текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 за ГП 1 на дел од Кп.бр.11843 КО Охрид 2, општина Охрид, 2012 - 2017, се заверува со печат и потпис на Претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 за ГП 1 на дел од Кп.бр.11843 КО Охрид 2, општина Охрид, 2012 - 2017, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14414/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 2.4.20 ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.4 НА КП.БР.16545 И 16546 КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД, 2012 – 2017

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување деталeн урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на Кп.бр.16545 и 16546 КО Охрид 3, општина Охрид, 2012 – 2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година.

**Број 09-14414/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 2.4.20 ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.4 НА КП.БР.16545 И 16546 КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД, 2012 - 2017

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на Кп.бр.16545 и 16546 КО Охрид 3, општина Охрид, 2012 - 2017.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0,035 ха.

Просторот на планскиот опфат по Детален урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на Кп.бр.16545 и 16546 КО Охрид 3, општина Охрид, 2012 - 2017 е опфат на границите:

-границата на опфат се совпаѓа со границата на градежната парцела на ГП 2.4.20 согласно постоен ДУП, формирана од Кп.бр.16545 и 16546 КО Охрид 3.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на Кп.бр.16545 и 16546 КО Охрид 3, општина Охрид, 2012 - 2017, изработен од ДПУП „ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ ДОО Гостивар, со технички број 16/12 од мај 2016 година, содржи:

-планиран развој - текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на Кп.бр.16545 и 16546 КО Охрид 3, општина Охрид, 2012 - 2017, се заверува со печат и потпис на Претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на Кп.бр.16545 и 16546 КО Охрид 3, општина Охрид, 2012 - 2017, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14414/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ ЗАРАДИ ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ - КАТНА ГАРАЖА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за техничка исправка на Одлуката за прифаќање на Иницијативата за експропријација на градежно земјиште во приватна сопственост заради изградба на објект од јавен интерес од локално значење - катна гаража, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година.

**Број 09-14825/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со член 7, член 9 став 2, член 26 став 1 точка 6 и член 27 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ”бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.10.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ ЗАРАДИ ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ - КАТНА ГАРАЖА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на Одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште во приватна сопственост заради изградба на објект од јавен интерес од локално значење – катна гаража бр.08-14414/3 од 10.10.2016 година, така што во член 3 од Одлуката наместо бројот „Кп.1555/3” треба да стои бројот „Кп.15515/3”.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14825/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.10.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот на инвеститорот по барањето на инвеститорот ДООЕЛ Делфина Турс увоз-извоз Скопје со адреса на Ул. Петар Манџуков- ТЦ Ж.Брајковски лам.1/5 Скопје-Бутел, поднесено под Уп. 1 бр. 20 - 3699 од 11.08.2016 година е издадено Одобрение за градба на објект од втора категорија Е2- комунална супраструктура – автобуски терминал По+П+1 со компатибилни класи на намени утврдени со Изводот од АУП на КП 9258/2, КП 9286/14 и КП 9258/3 КО Охрид 2, согласно ДУП за УЗ 9 (9.4) и УЗ 15 (дел од УБ 15.5) Плански опфат (Ул.15-ти Корпус и Ул.Кленоец) Охрид за ГП 5.3 на КП 9258/2, КП 9286/14 и КП 9258/3 КО Охрид 2.
Согласно член 62- а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издаденото одобрение.

Од податоците добиени од АКН Охрид како соседи на КП.бр.9258/3 КО Охрид 2 од исток се наоѓаат парцелите КП.бр.8908/1 и КП.бр.9286/1 кои се со незапишани права.

За таа цел ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање на евентуални сопственици на истата со издаденото одобрение за градба.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорите Грозданоски Димитри ул.Абас Емин бр.13 Охрид,со процентуална застапеност од 82,8% Петкоска Ристана Сиднеј Австралија бр.на патна исправа К2042189 издадена 2004 год. во Сиднеј Австралија со процентуална застапеност од 11.74%, и Дуковска Митра, ул.8 ми Септември бр.61 Охрид,со процентуална застапеност од 11,74% им се одобрува изградба на Домување во станбена зграда А2 од Втора категорија, на ул. Абас Емин 13 во општина ОХРИД По+Пр+4 ката за Г.П 1.4.8 за Кп.бр.14754/1 КО Охрид 3, Кп.бр.14754/2 КО Охрид 3, Кп.бр.14754/3 КО Охрид 3 и Кп.бр.14762/3 КО Охрид 3 согласно изводот од ДУП за УЗ 1 блок 1.2, блок 1.4, и дел од блок 3.4 Охрид донесен со Одлука бр.07-6092/40 од 30.06.2014 год.

Соседите Ќазимоска Фатиме с.Подгорци Струга, Реџоски Нејаз с.Подгорци Струга, Кариманоска Шербетка с.Подгорци Струга и законските наследници на Илгар Мукерем ул.Пирин Планина бб Охрид преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р**